

Македонска нација Ви ја честита Новата 2025 година, и Ви посакува Господ Бог да Ви дари здравје, Вам и на Вашите семејства, каде и да сте, во светот или во татковината Македонија!

-Во предвечерието на Нова Година, Македонска нација повикува на семакедонско помирување и обединување, меѓу Македонците во светот, меѓу Македонците во сите делови на Македонија и меѓу Македонците во Р.Македонија! Без разлика на нивната партиска и верска определба;

-Да отвориме нови работни места и да го спречиме заминувањето на младите

образувани кадри од земјата;

-Да создадеме услови за да можат оние кои сакаат да се вратат во сопствената земја и на своите огништа и  заедно да изградиме македонска рајска градина;

-Да се избориме за зачувување на македонскиот идентитет, јазик и културата;

-Идентитетот МАКЕДОНСКИ не е на продажба ниту пак е тема за расправа;

-МАКЕДОНИЈА и МАКЕДОНЦИТЕ постојат и ќе постојат, додека постои и светот;

-Во оваа битка за Македонија нема поголем или помал Македонец. Сите сме исти, равноправни и секој треба да го даде својот придонес. Само така ќе се оддолжиме на сите оние претходни генерации кои животот го дадоа за создавање на ова засега единствено парче слободна и независна македонска држава.

-Борбата не е завршена, а сите ние треба да го продолжиме нивното дело.

-Со Македонија не’ има, без Македонија ќе исчезнеме сите заедно!




Македонија вечна!

Амин!


Македонска
нација
ОРГАН НА ДВИЖЕЊЕТО ЗА ОБЕДИНУВАЊЕ
Н А М А К Е Д О Н И Ј А